Врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка склучен помеѓу „Фондацијата за наградување и стипендирање студенти АНЃУШЕВ“ и Машинскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, се распишува

# КОНКУРС

## за доделување 4 стипендии

### за студентите на Машинскиот факултет – Скопје

Од страна на „Фондацијата за наградување и стипендирање студенти АНЃУШЕВ“ ќе бидат доделени вкупно 4 стипендии и тоа:

- 2 стипендии за студентите запишани првпат во трета година на студии во учебната 2017/18 година, од кои:

  - 1 стипендија ќе биде доделена на студент запишан на студиската програма „Мехатроника“

  - 1 стипендија ќе биде доделена на студент запишан на некоја од останатите студиски програми на „Машински факултет“ – Скопје.

- 2 стипендии за студентите запишани првпат во четврта година на студии во учебната 2017/18 година, од кои:

  - 1 стипендија ќе биде доделена на студент запишан на студиската програма „Мехатроника“

  - 1 стипендија ќе биде доделена на студент запишан на некоја од останатите студиски програми на „Машински факултет“ – Скопје.

Висината на стипендијата изнесува 6.000,00 денари месечно и се доделува за времетраење од 12 месеци годишно, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од исполнувањето на обврските од страна на студентите пропишани со Договорот за стипендирање.

Изборот и селекцијата на кандидатите го врши Комисија за стипендирање составена од 3 (три) члена и тоа: 2 (два) члена од редот на вработените во „Фондацијата за наградување и стипендирање студенти АНЃУШЕВ“ и 1 (еден) член од Машинскиот факултет - Скопје.

Со доделување на овие стипендии, „Фондацијата за наградување и стипендирање студенти АНЃУШЕВ“ ќе даде свој придонес и поддршка во едукација и оспособување на стручни и квалитетни кадри и воедно ќе даде стимул на идните студенти за запишување на Машинскиот факултет во Скопје.

## Потребна документација за аплицирање:

- Пополнета апликација подготвена од страна на „Фондацијата за наградување и стипендирање студенти АНЃУШЕВ“;
- Мотивациско писмо;
- Потврда за редовен студент запишан во втора/трета година на студии;
- Потврда за положени испити, освоени кредити и просечна оценка (просек);
- Изјава дека не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија;
- Копија од дипломи за посета на курсеви и други дополнителни обуки;
- Копија од диплома за освоено прво, второ или трето место на домашни или меѓународни натпревари.

Апликацијата/прашалникот е објавена на интернет-страницата на Машинскиот факултет-Скопје: www.mf.edu.mk

Кандидатите на кои ќе им биде доделена стипендија имаат обврска:

- Студиската година да ја завршат во рок и со просек не помал од 8,5 во спротивно, стипендистот го губи правото на стипендија и се обврзува да го врати примениот износ на компанијата со која го склучил Договорот за стипендирање;

- Други обврски пропишани во Договорот за стипендирање.

## Начин на аплицирање:

Документите се поднесуваат во Архивата на Машинскиот факултет – Скопје (во Деканатот) или по пошта на адреса **Машински факултет –Скопје, п. Фах 464, 1000 Скопје** во периодот од **12 до 20 октомври 2017** година.